Yarra Valley Water | a fresh approach

Macedonian

Fact Sheet

# Квалитетот на водата

Водата во Мелбурн е една од најбезбедните и најчистите води за пиење на светот. Најголемиот дел од нашата вода се црпи од големите заштитени планински водени реэервати каде што не е дозволена земјоделска или човечка дејност. Водата се чува во големи резервоари до четири години, при што талогот кој природно се среќава во водата има време да се одвои од водата. Тоа значи дека на водата во Мелбурн и е потребно мало прочистување во споредба со водните залихи на други развиени градови.

## Стандарди за квалитетот на водата за пиење

За да се осигура безбедноста на јавноста, државната влада воведе и спроведува закони и стандарди како што се *Викторискиот закон за здравје од 1958 г.* (*Victorian Health Act 1958*), *Законот за безбедна вода за пиење од 2003 г. (Safe Drinking Water Act 2003)* и *Прописите за безбедна вода за пиење од 2005 г.* (*Safe Drinking Water Regulations 2005*). Покрај овие законски барања, компанијата Yarra Valley Water се грижи за безбедноста и квалитетот на водата за пиење што ја снабдуваат според барањата од Австралискиот правилник за водата за пиење од 2004 г. (Australian Drinking Water Guidelines 2004) (правилник за стопанисување со залихите на вода за пиење, објавен од Националниот совет за здравствени и медицински истражувања (National Health and Medical Research Council).

## Прочистување на водата

Водата во Мелбурн ја собира и прочистува компанијата Melbourne Water. За да се постигнат горенаведените стандарди за безбедноста и квалитетот на водата, при постапката за прочистување се додаваат некои хемикалии. Тие вклучуваат:

- Хлор - што се користи насекаде во светот за дезинфекција и отстранување на опасноста од болести како што е гастроентеритисот (стомачниот вирус). Количеството на хлор што се додава е еднакво на помалку од половина чаша за чај во еден домашен базен за пливање со просечна големина.
- Флуор - мали количества се додават по наредба на здравствените власти. Флуорот помага да се развие отпорност кон расипувањето на забите кај децата и кај возрасните. Количеството што се додава е еднакво на околу едно зрно шеќер во чаша вода.

Количествата на хемикалии што се додаваат кон нашите залихи на вода постојано се надгледуваат и контролираат за да ги задоволат државните здравствени барања во границите на законите и напатствијата, но доволни се за да бидат корисни за јавното здравје.

## Испорака на водата

Компанијата Yarra Valley Water добива прочистена вода од компанијата Melbourne Water и е надлежна за одржување на квалитетот и безбедноста на водата и за ефикасно испорачување на таа вода до вас.

За да ги осигураме безбедноста и квалитетот на нашата вода, ние:

• вршиме постојано надгледување; секојдневно надгледување на имотот на клиентот (од страна на овластени независни лаборатории),

• ги чистиме, миеме и заменуваме водоводните инсталации.

Покрај тоа, постојано бараме нови и еколошки начини за да ги одржуваме безбедноста и квалитетот на водата и да го сведеме на најмала можна мера нашето влијание врз околината и заедницата.

Резултатите од проверката на квалитетот на водата за вашето подрачје може да се добијат на нашето место на интернет или ако телефонирате на 131 721. Тие резултати се обновуваат секој месец и може да се видат на: http://www.yvw.com.au.

Притиснете на Your Home / Water Quality / By Suburb и одберете ја вашата населба или внесете го вашиот поштенски број.

Покрај тоа, нашиот Годишен извештај за квалитетот на водата (Water Quality Annual Report) е одличен извор на информации и може да се добие на нашето место на интернет на http://www.yvw.com.au. Притиснете на Your Home/ Publications или телефонирајте на 131 721.

## Прашања на клиентите за квалитетот на водата

Некои клиенти изразија загриженост во врска со изгледот на нивната вода и со можните последици за безбедноста. Тие се наведени подолу.

### Што е тоа бела вода?

Бела вода е млечниот изглед на водата од славините. Тоа се случува кога во водата има ситни воздушни меурчиња. Воздухот може да навлезе во водоводниот систем при редовните активности за одржување (на пример, при замена и чистење на водоводните цевки).

Белата вода не е штетна. Ако се случи водата да е бела, оставете ја да постои неколку минути. Така заробениот воздух ќе излезе од неа и вашата вода ќе се избистри.

### Што е тоа кафеава вода?

Кај мал број клиенти се јавува кафеава вода. Бидејќе водата во Мелбурн ретко се филтрира, можно е во водоводниот систем да има природен талог. Природниот талог може да се наталожи во цевките и во подрачјата каде што протокот е бавен како што се слепите улици или улиците што завршуваат со простор за свртување. Наглите зголемувања на протокот на водата и нарушувањата причинети од поправките на пукнатите водоводни цевки и од градежните зафати може да доведат до тоа тие честици да бидат избуричкани и во некои ограничени подрачја да се појави валкана или кафеава вода.

Ако кај вас се појави валкана или кафеава вода, пуштете ја славината да тече неколку минути и тоа обично ќе ја исчисти водата. Ако ја соберете таа вода во кофи, можете да ја употребите за полевање на вашите билки. Ако проблемот продолжи, ве молиме телефонирајте во Yarra Valley Water на 131 721.

Водата исто така може да изгледа обоена поради нагризувањето на галванизираните железни водоводни инсталации на некои имоти. Таквите инсталации обично се среќаваат во куќи постари од 30 години. Ако редовно ви се случува да имате кафеава вода, може ќе треба да повикате водоинсталатер да ви ги провери водоводните инсталации.

### Сина вода

Сината вода е сложен проблем и најдобро е да се јавите во Yarra Valley Water на 131 721 за совет.

### Филтри за вода

Со оглед на високиот квалитет на нашата вода, компанијата Yarra Valley Water верува дека филтрите за вода не се неопходни.

Ако имате филтер, важно е внимателно да ги следите упатствата на производителот. Филтрите што не се соодветно поставени или одржувани може да бидат штетни за вашето здравје.

Ако имате било какви натамошни прашања во врска со квалитетот на водата, ве молиме посетете го нашето место на интернет: www.yvw.com.au или телефонирајте ни на 131 721.

### За повеќе информации

Интернет............................................................ www.yvw.com.au

За преведени информации притиснете на

Your Language

Телефон ............................................................ 13 2989

Информативна служба за превод

на други јазици (TIS)............................................ 13 1450